Република Северна Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës**

# Повик
# за учество во тематски работни групи за подготовка на новата Стратегијата за РЈА (2023-2030)

Со цел обезбедување на квалитетна и навремена координација и комуникација со граѓанскиот сектор и со останатите засегнати страни во процесот на подготовка на новата Стратегијата за реформа на јавната администрација (СРЈА) за периодот 2023-2030, Министерството за информатичко општество и администрација објави повик за номинирање членови од граѓанските организации во тематските работни групи.

Министерството за информатичко општество и администрација Ве известува дека потребно е номинациите за членови да соодветствуваат на моменталните четири цели од Стратетегијата за РЈА, односно претставниците од организациите да бидат номинирани во следните групи:

- **Развој на политики и координација**
- **Јавна служба и управување со човечки ресурси**
- **Одговорност, отчетност и транспарентност**
- **Давање услуги и ИКТ поддршка на администрацијата**

**Дополнително, можете да номинирате и претставник за посебниот дел од Стратегијата за РЈА а тоа е делот за Стратешката рамка за РЈА**

За учество во тематските работни групи, потребно е организациите кои сакаат да номинираат претставници во групите да:

- постојат најмалку три години;
- имаат најмалку два проекти во областа на јавната администрација.

Известување за номинација на членови во тематските работни групи може да се достави **најдоцна до 22-ти април 2022 година, 16:00 часот, на srja@mioa.gov.mk** со доставување на следните податоци:

- име и презиме; звање и работно место; назив на институцијата; контакт телефон и e-mail на номинираното/ите лице/а
- Копија од решението за регистрација на организацијата издадено од Централен регистар на РМ
- Портфолио на организацијата.

**Со почит,**

**Одделение за координација на Стратегијата за РЈА**